Дејаноски К., Еленчевски С., Богдановски С., Грнчаровски А., Бајрактарова Е.

ИНДЕКСОТ НА АНТАГОНИСТИТЕ КАЈ ПРИРОДНАТА ДЕНТИЦИЈА И АРТИФИЦИЈАЛНИТЕ ЗАБИ

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје, Клиника за мобилна стоматолошка протетика

Во разоткривањето на интерденталните релации се определивме за истражување на индексот на антагонистите помеѓу одделни групи предни горни и долни заби, кај 98 испитаници, одбрани според однапред утврдени критериуми. Споредбената анализа не покажа сигнификантни разлики меѓу половите, а добиените средни вредности покажаа висока стабилност, што беше потврдена и со вредностите на коефициентот на корелација од 0,37 до 0,92. Истражувањето опфати пет индекси на антагонистите за кои се добиени следниве средни вредности: индексот помеѓу предните долни и горни заби 79,08% со CV 4,45%; индексот помеѓу долните и горните инцизиви 74,56% со CV 6,21%; индексот помеѓу централните долни и горни инцизиви 63,52% со CV 7,11%; индексот помеѓу латералните долни и горни инцизиви 89,99% со CV 10,12% и индексот на долните и горните канини 88,15% со CV 5,17%. Добиените средни вредности и нивните статистички показатели ги споредивме со вредностите на односите пресметани според предложените артикулациони табели за избор на вештачки заби, при што утврдивме постоење на сигнификантни разлики, за кои сметаме дека можат да се надминат со редефинирање на предложените односи или со поединечно избирање на антагонистичките парови. Резултатите од истражувањето не охрабруваат да го препорачаме индексот на антагонистите како биометриски показател при редефинирањето на интерденталните релации.

Клучни зборови: протеза, тотална; естетика, стоматолошка, одонтометрија; вештачки заби

Основата на оклузио-артикулационите односи помеѓу горниот и долниот забен ред ја сочинуваат интерденталните релации, меѓу кои најзначајно место има индексот на антагонистите, односно односот на ширините на предните горни и долни заби.

Отстапувањето од биолошките норми на споменатиот индекс доведува до промени во интерденталните и дентофацијалните релации и до функционални нарушувања на стоматогнатниот систем. Кај природните заби овие промени се резултат на влијанието на растот и развитокот на забите и околните структури, а кај артифицијалната дентиција до промени доаѓа поради несоодветната ширина на поединечните или на група предни горни и долни заби.

Поради своето значење, индексот на антагонистите на поединечните или групи предни долни и горни заби, бил истражуван од Kern, кој утврдил индекс од 80%.

Merlini и Scottis (4) нашле индекс од 73% на инцизивите, а Nikolić (5) и Legović(3) индекс од 75%. Во истражувањето на Nikolić индексот на антагонистите помеѓу долните и горните централни инцизиви изнесувал 66,67%, а помеѓу латералните 90,90%.

Производителите на вештачки заби, респектирајќи го индексот на антагонистите, нудат поширока палета на гарнитури на предни горни и долни заби и артикулациона табела за нивни избор.

Дилемата дали артикулационите табели се релевантен еталон за големината на вештачките заби кај нашата популација го инцира нашето истражување на индексот на антагонистите кај нашата популација и неговото споредување со односите на антагонистичките

заби предложени во артикулационите табели, на кај нас најчесто употребуваните заби.

Материјал и метод

Испитуваната група ја сочинуваат 98 испитаници, 49 од машки и 49 од женски пол, на возраст од 17 до 25 години, со интактни забни редови, еугната оклузија и без видливи вродени или стекнати деформации на коронките на испитуваните заби. Кај нив ги меревме ширините на коронките по методот на Зубов, со лизгачки линеар, со точност од 0,05 mm, како најголемото мезиодистално растојание.

Кај испитаниците се определени пет индекси на антагонистите, според образецот на Йорданов, и тоа: за предните заби, инцизивите, централните инцизиви, латералните инцизиви и канините.

Кај вештачките заби се пресметани индексите на антагонистите, според предложените артикулациони табели. Анализирани се вештачките заби на Ivostar-Ivolek, Optodent-Bayer Dental Galenika Primodent.

Направена е математичко-статистичка анализа на податоците, а за определување на значајноста на разликите е применет Student-овиот t-тест.

Резултати и дискусија

Добиените вредности на испитуваните индекси на антагонистите и нивните статистички показатели не покажаа статистички значајни разлики помеѓу испитаниците од машки и женски пол, поради што презентирани се нивните средни вредности. До исти сознанија дошол и Legović (3).

Анализата на резултатите прикажани во табела 1 покажува дека се присутни стабилни односи помеѓу антагонистичките поединечни и групи предни заби, што беше потврдено и со добиениот коефициент на корелација, во распон од 0,37 до 0,92. Единствено индексот на антагонистите на латералните инцизиви покажува нагласена варијабилност, што се должи на назначената варијабилност на ширината на коронката на горниот латерален инцизив, особено кај женскиот дел од испиту-ваната група - CV 10,03%.

ТАБЕЛА 1. ВРЕДНОСТИ НА ИНДЕКСИТЕ НА АНТАГОНИСТИТЕ НА ПРЕДНИТЕ ЗАБИ КАЈ ИСПИТАНИЦИТЕ СО ПРИРОДНА ДЕНТИЦИЈА

Испитувани заби	N	$\bar{X}$	SD	$SE\bar{x}$	CV%
Долни и горни предни заби	98	79,08	3,52	0,36	4,45
Долни и горни инцизиви	98	74,56	4,63	0,47	6,21
Долни и горни централни инцизиви	98	63,52	4,90	0,50	7,71
Долни и горни латерални инцизиви	98	89,99	9,11	0,93	10,12
Долни и горни канини	98	88,15	4,56	0,46	5,17

Добиените средни вредности се блиски со споменатите литературни податоци, и се разликуваат за 4% од резултатите на Nikolić (5) за централните, за 1% од наодите на Kern (2) за индексот на долните и горните предни заби, за 3,2% од резултатите на Nikolić (5) за централните и 1% од резултатите na Legović (3) за латералните инцизиви.

Сумирајќи ги изнесените сознанија, можеме да констатираме дека индексите на антагонистите на поединечните или групи заби претставуваат биометриски показатели кои нудат оптимален придонес во реконструкцијата на интерденталните релации, преку избор на соодветни големини на предните горни и долни заби, кај делумно беззабите и беззабите пациенти.

Реконструирањето на интерденталните релации апроксимативно до изворните овозможува и реконструкција на дентофацијалните релации, што придонесува за возобновување на претходната, естетско-хармониска и физи-

огномска архитектоника на лицето и за побрзо инкорпорирање и прифаќање на протезните единици во биодинамичката средина, со што учествуваат во комплетната рехабилитација на функциите на стоматогнатниот систем.

Бидејќи артикулационите табели што ги предлагаат производителите се единс-твени и како такви не ги содржат во себе осно-вите врз кои се формираат морфолошките карактеристики на луѓето, односно во нив не можат да се инкорпорираат факторите на растот и развитокот, а пред сé на расната, етничката, географската и половата припадност на одредена популација, извршивме споредување на вредностите на односите според артикулационите табели. Резултатите се прикажа-ни во табелите бр. 2 и бр. 3. Споредени се само односите за кои производителот ги дава големините на забите во својот каталог.

ТАБЕЛА 2. ВРЕДНОСТИ НА ИНДЕКСИТЕ НА АНТАГОНИСТИТЕ НА ПРЕДНИТЕ АРТИФИЦИЈАЛНИ ЗАБИ ПРЕСМЕТАНИ СПОРЕД АРТИКУЛАЦИОНИТЕ ТАБЕЛИ

Гарнитура на заби	IVOSTAR		PRIMODENT	OPTODENT	
Испитувани заби	Долни и горни предни заби	Долни и горни централни инцизиви	Долни и горни предни заби	Долни и горни предни заби	Долни и горни централни инцизиви
N	26	16	22	32	32
$\overline{X}$	77,37	60,91	78,24	78,30	63,63
SD	2,91	2,68	3,96	2,61	2,78
$SE\overline{x}$	0,58	0,69	0,77	0,47	0,50
CV	3,76	4,40	5,06	3,33	4,37
IV min	69,98	57,30	72,73	74,17	59,52
IV max	84,65	65,12	86,41	82,53	69,88

ТАБЕЛА 3. СПОРЕДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ НА ИНДЕКСИТЕ НА АНТАГОНИСТИТЕ НА ПРЕДНИТЕ ЗАБИ КАЈ ПРИРОДНИТЕ ЗАБИ СО ОНИЕ КАЈ ВЕШТАЧКИТЕ ЗАБИ IVOSTAR, PRIMODENT И OPTODENT

Статистички показатели	Природни заби	Вештачки заби		
		IVOSTAR	PRIMODENT	OPTODENT
N	98	26	22	32
$\overline{X}$	79,08	77,37	78,24	78,30
SD	3,52	2,91	3,96	2,61
$SE\overline{x}$	0,36	0,58	0,77	0,47
CV	4,45	3,76	5,06	3,33
t		2,25	0,91	1,32
r		0,05	0,05	0,05

Присутните статистички значајни разлики не значи дека тие вештачки заби, со својата големина, не одговараат за нашата популација, туку дека мораме да ги редефинираме предложените големини и односи според индексот на антагонистите утврден кај нашата популација. производителите ни го овозможуваат тоа со палетите на гарнитури само за предни горни, предни долни и бочни заби. Доколку со нив не може да се постигне успех, треба да се направи избор на поединечни заби во рамките на биолош-ката норма на биометрискиот показател, индексот на антагонистите на популацијата.

ANTAGONIST INDEX VALUES IN NATURAL DENTITION AND ARTIFICIAL TEETH

Dejanoski K., Elenčevski S., Bogdanovski S., Grnčarovski A., Bajraktarova E.

Summary

According to interdental relations we have selected to explore the index of antagonists between separate and grouped upper and lower teeth in 98 selected cases. Comparative analysis did not point to significant sex differences. The mean value suggested high stability confirmed by the coefficient of relations ranging between 0,37-0,92.

The examination included five indices of antagonists. The following results were obtained: frontal upper and lower teeth index was 79,08% with CV of 4,45%; lower and upper incisors index was 74,56% with CV of 7,11%; lower and upper central incisors index was 63,52% with CV of 7,11%; lower and upper lateral incisors index was 89,99% with CV of 10,12% and the lower and upper canins index was 88,15% with CV of 5,17%.

We have compared the mean values and their statistical indices with the values of relations given in the articulation tables for artificial teeth and, significant differences were found. In our opinion, by redefinition of the proposed relations or by individual antagonist pairs, these could be surpassed. Our results encouraged a proposal of antagonists' index as a biometric indicator during redefinition of interdental relations.

Key words: denture, complete; dental esthetics; odontometry; tooth, artificial

Литература

1. ЙОРДАНОВ И. Антропология в стоматологията. Медицина и физкултура, София, 1981.

2. KERN BE. Antropometric parameters of tooth selection. J Prosth dent 1967; 17: 431-7.

3. LEGOVIĆ M. Doprinos problematici korelacije Si: +Si. Stomatol Gl Srb 1978; 25(5): 349-52.

4. MERLIN I, SCOTTIS S. Studio dei rapporti tra la grandeza degli incisivi permanenti superiori et inferiori. Rev Ital Stomatol 1965; 2): 655-9.

5. NIKOLIĆ P, SPAJIĆ P, KLAJNŠEK I, JOVIĆ M. Komparacija meziodistalnih promera frontalnih zuba. 5. Sobir na stomatolozite od Makedonija (Apstrakti). Dojran: Stomatološka sekcija pri SZLM, 1987: 61.

6. ЗУБОВ А. Одонтология: методика антропологических иследвания. Наука, Москва, 1968.